10. Пресметај.

а) (8 kg 9 dg – 1098 g) · 7

б) (9,38 hg – 9 dag 6 dg) : 2

в) (12,34 g + 51,2 dg) : 5

г) $(5\frac{1}{2}\text{kg} - 2\frac{1}{5}\text{hg}) \cdot 9$

11. Пресметај.

а) (543 dag + 3 kg 5 hg – 2035 g) · 7

б) 9,38 hg – 9 dag 6 dg + 524 kg : 2

в) (12,34 g + 51,2 dg – 35 cg) : 5

г) $5\frac{1}{2}\text{kg} - 2\frac{1}{5}\text{hg} \cdot 6$

12. Еден земјоделец има овоштарник со праски, од секое стебло собира во просек по 25 kg. Колку тони праски ќе собере ако во овоштарникот има 55 стебла?

13. Камион е натоварен со 50 вреќи пченка секоја по 58,6 kg и 30 вреќи пченица по 65 kg. Дали камионот може да помине по мост чијашто носивост е 8 t, ако масата на празен камион е 2,5 t?

14. Една фабрика за тули дневно произведува 3500 kg. Колкаво е производството на фабриката за 6 месеци, ако производството се одвива непрекинато?

15. Еден земјоделец произвел 7,55 t пиперки, нив ги спакувал во вреќи од по 50 kg. Колку вреќи со пиперки наполнил земјоделецот?

16. Колку килограми леб ќе се добие од 2,25 t брашно, ако од 30 kg добива 45 kg леб?

17. Еден комбајн во едно земјоделско стопанство жнеел три дена. Првиот ден ожнеал 5560 kg пченица, вториот ден 85,75 kg повеќе од првиот, а третиот ден 34,15 kg помалку од вториот ден. Колку килограми пченица ожнеал комбајнот за трите дена?

18. За 12 часа се произведени 1782 kg тестенини. Колку тестенини се произведуваат за 1 час?

19. Во една мелница се донесени 148,5 t пченица. Јачмен е донесено 3864 kg повеќе од пченица, а пченка е донесено 28,5 t повеќе од јачмен. Колку вкупно жито е донесено во мелницата?

20. Еден трговец на својата тезга имал 568 kg овошје. Во текот на денот се донесени 0,56 t, а се продадени 750 kg. Наредниот ден се донесени 0,7 t, а се продадени 425,8 kg. Колку килограми останале на тезгата по вториот ден?

21. Седум луѓе сакаат да се качат во лифт. Нивните телесни маси се 60,7 kg; 57,6 kg; 70,5 kg; 81,7 kg; 65,9 kg; 80,4 kg и 74,2 kg. Максималната носивост на лифтот е 0,5 t. Дали сите заедно можат да се возат во лифтот?

22. Тројца внуци сакаат да купат и да им испратат подароци на своите баба и дедо. Компанијата за брза пошта прима пратки што не надминуваат маса од 3 kg. Подароците што ги купиле биле со маса 1,35 kg; 0,75 kg и 250 g.

а) Дали компанијата ќе им ја прими пратката, ако тројцата браќа подароците ги спакуваат во една кутија?

б) Колку кутии ќе им се потребни, ако треба пратката да ја спакуваат во кутии од по 50 g?

23. Баба Мара отишла на пазар и од таму купила 2,5 kg мандарини, $\frac{3}{5}$ kg кашкавал, $\frac{4}{5}$ kg брашно, $\frac{3}{4}$ kg сол и $\frac{1}{10}$ kg кафе. Колку килограми продукти купила баба Мара од пазар?

24. Горан сакал да наполни шишенца од 250 ml со сируп. Колку шишенца ќе наполни Горан ако има 3 l сируп?

25. Масата на стоката во еден сандак е $25\frac{1}{2}$ kg, а масата на сандакот со стоката е $27\frac{3}{5}$ kg. Одреди ја масата на сандакот?

26. Термоцентрала дневно троши 21,254 t јаглен.

а) Колку тони јаглен ќе потроши термоцентралата за 3 седмици?

б) Колку тони јаглен ќе потроши термоцентралата за 2,5 месеца?

27. Во еден овоштарник има засадени стебла со круши и јаболка. Во екот на бербата набрани се 17,5 t јаболка и $5\frac{3}{8}$ пати повеќе круши. Колку овошје е набрано од овоштарникот?